**ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

# КОНСОЛИДИРАН ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА И ДООЕЛ ТВ СЦЕНА
# ЗА 2021 ГОДИНА

**Скопје, Март 2022 година**

СОДРЖИНА:

ВОВЕД.....................................................................................................................................3

БУЏЕТ НА ЈРП МРТ И ДООЕЛ СЦЕНА СО ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ И ДООЕЛ СЦЕНА ВО 2021 ГОДИНА....................................................4

ПРИХОДИ ...............................................................................................................................5

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ И ДООЕЛ СЦЕНА ЗА 2021 ГОДИНА .................................................................................................................................6

РАСХОДИ.................................................................................................................................6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ И ДООЕЛ СЦЕНА ПО ГРУПИ ВО 2021 ГОДИНА.........................................................................................................................6

ИНВЕСТИЦИИ .......................................................................................................................12

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА (според Консолидиран биланс на успех за 2021 год.)...................................................13

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ И ДООЕЛ СЦЕНА на 31.12.2021 година .............16

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ.............................................................................18

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ..............................................................................................18

# ВОВЕД

Консолидираниот Годишен финансиски извештај за годината што заврши на 31 декември 2021 година содржи финансиски податоци за ЈРП Македонска радио телевизија и ДООЕЛ ТВ Сцена ДООЕЛ. ЈРП Македонска радио телевизија е капитално поврзана странка со ТВ Сцена ДООЕЛ врз основа на сопственост на 100% од уделот на ова друштво.

Своето работење МРТ го базира на производство и емитување на програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма и програма со музичко - забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Програмата на МРТ е достапна и до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји преку радио и ТВ сателитската програма со 24 часовно времетраење.

Основната дејност пак на ТВ Сцена ДООЕЛ претставува инжинеринг, производство и преработка на мебел и текстил.

Консолидираниот годишен извештај е изработен врз основа на Консолидираната годишна сметка член 504 и член 506 став 4 од Законот за трговски друштва.

## БУЏЕТ НА ЈРП МРТ СО ДООЕЛ ТВ СЦЕНА ВО 2021 ГОДИНА

Во 2021 година ЈРП Македонска радио телевизија со ДООЕЛ ТВ Сцена оствари приходи во вкупен износ од 979.562.421 денар. Во истиот период реализирани се трошоци во вкупен износ од 986.432.797 денари, при што е остварен негативен финансиски резултат во работењето во износ од 7.036.230 денари. Значајно е да се напомене дека ваквиот финансиски резултат произлегува единствено поради неисплатувањето на средствата, односно поради намалениот износ на приход кој МРТ го добиваше од државата по основ на финансирање на радиодифузна дејност а кој како таков, воопшто не кореспондира со одредбите во Законот за ААВМУ и чие континуирано намалување, како што повеќепати и јавно е нагласено од страна на МРТ, има крајно негативно влијание, односно го отежнува севкупното тековно работење и ја доведува во прашање нејзината ликвидност. Имено, како што беше и погоре спомнато, по укинувањето на радиодифузната такса, од страна на државните институции на годишно ниво на ЈРП МРТ и се кратат по околу 10 милиони евра средства кои доколку ги добиеше, наместо да работи во отежнати услови, со сигурност ќе придонесеа за значително подобрување на севкупното работење, спроведување на сите позначајни инвестиции и тековни активности и секако што е најважно остварениот финансискиот резултат во услови на работење со реално и законски добиени финансиски средства во 2021 година ќе беше позитивен.

### ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА (според Консолидиран биланс на успех за 2021 година)

| ОПИС | Остварување во 2020г. | | Остварување во 2021г. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | 4/2*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **1,012,313,948** | **100.0** | **979,562,421** | **100.0** | **96.8** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **936,361,779** | **92.5** | **986,598,651** | **100.7** | **105.4** |
| Трошоци за вработени | 440,417,736 | 43.5 | 466,194,404 | 47.6 | 105.9 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,992,267 | 0.2 | 5,010,822 | 0.5 | 251.5 |
| Заеднички трошоци | 204,417,412 | 20.2 | 168,784,961 | 17.2 | 82.6 |
| Програмски права | 238,427,791 | 23.6 | 276,517,145 | 28.2 | 116.0 |
| Останати трошоци од работење | 51,106,573 | 5.0 | 70,091,319 | 7.2 | 137.1 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б загуба)** | **75,952,169** | | **-7,036,230** | | |
| Данок на Непризнати расходи | | | **882,472** | | |
| **Загуба по оданочување** | | | **-7,918,702** | | |

# ПРИХОДИ

Во 2021 година ЈРП Македонска радио телевизија заедно со ДООЕЛ Сцена оствари приходи во вкупен износ од 979.562.421 денар.

Основен извор на средства за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите на јавниот радиодифузен сервис, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (сл.весник 132/17), е приходот за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ односно од Министерството за информатичко општество и администрација. Во 2021 година, по овој основ, беше планиран приход во износ од 894.000.000 денари, но со оглед на фактот што овие средства континуирано се намалуваат, односно не се исплатуваат во законски утврдениот износ од страна на државата, наместо споменатиот износ, вкупниот остварен приход по овој основ во анализираната 2021 година изнесува 826.950.000 денари.

По основ на Маркетинг услуги – продажба на рекламно време остварен е приход во износ од 40.726.708 денари. Споредбено со 2020 година кога поради веќе добро познатата причина (состојбата предизвикана од корона вирусот) беа откажани одржувањата на бројни забавни, културни и особено спортски настани и беше значително намален овој приход, продажбата на рекламно време во рамки на програмските содржини кои се емитуваа на програмите на МРТ во 2021 година беше значително подобрена и остварениот износ на приход по овој основ бележи зголемување.

Приходите по основ на изнајмување на деловен простор (закупнини) изнесуваат 277.846 денари, по основ на донации и продажба на програма 273.157 денари а по основ на наплата на судски одлуки остварувањето изнесува 2.983.503 денари.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии, и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 3.030.536 денари.

Останати деловни приходи е ставка која опфаќа приход по основ на камати, курсни разлики, отпишани обврски, приходи остварени во анализираниот период но по основ на склучени договори во минати години, вредносно усогласување по основ на РДТ, меѓутоа, во овој анализиран период најголем обем од остварените приходи се однесуваат на приходи по основ на отпис/укинување на резервацијата за пресметана камата за ММИ по основ на склучена спогодба, а која камата претходно беше искажана како резервиран трошок на ЈРП МРТ во Извештајот за реализација на финанскиот план за претходната 2020 година како и на приходи по основ на данок на добивка и данок на додадена вредност кои од репрограмиран долг се пренесени во вонбилансна евиденција. Оваа ставка бележи вкупна реализација во износ од 105.320.671 денар.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2021 ГОДИНА**
**(според Консолидиран биланс на успех за 2021 година)**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи во 2020 г. | Остварени приходи во 2021 г. | Индекс 3/2*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ | 856,750,000 | 826,950,000 | 96.5 | 84.4 |
| Закупнини | 301,594 | 277,846 | 92.1 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 2,069,256 | 2,228,928 | 107.7 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги,отстапени права и сл.) | 103,440 | 801,608 | 774.9 | 0.1 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати,позитивни курсни разлики,отпишани обврски, приходи од минати години),дополнително утврдени приходи од претходни години и слично | 24,397,306 | 105,320,671 | 431.7 | 10.8 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 779,151 | 2,983,503 | 382.9 | 0.3 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 7,126,770 | 40,726,708 | 571.5 | 4.2 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 786,431 | 273,157 | 34.7 | 0.0 |
| Приход од донација од ААВМУ | 30,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 90,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **1,012,313,948** | **979,562,421** | **96.8** | **100.0** |

# РАСХОДИ

Во 2021 година ЈРП Македонска радио телевизија заедно со ДООЕЛ Сцена оствари расходи во вкупен износ од 986.432.797 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО 2021 ГОДИНА**
**( според Консолидиран биланс на успех за 2021 година)**

| **ТРОШОЦИ** | **Консолидиран -Остварување во 2020г.** | **Консолидиран -Остварување во 2021г.** | **Индекси (3/2*100)** |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Трошоци на вработените | 440,417,736 | 466,194,404 | 105.9 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,992,267 | 5,010,822 | 251.5 |
| Заеднички трошоци | 204,417,412 | 168,784,961 | 82.6 |
| Програмски права | 238,427,791 | 276,517,145 | 116.0 |
| Останати трошоци од работење | 51,106,573 | 70,091,319 | 137.1 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **936,361,779** | **986,598,651** | **105.4** |
| | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | |
| Набавка на опрема | 1,878,793 | 1,877,850 | 99.9 |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **1,878,793** | **1,877,850** | 99.9 |
| | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **938,240,572** | **988,476,501** | **105.4** |

**Трошоци за вработените**

Во текот на 2021 година во работењето на МРТ и ДООЕЛ Сцена остварени се трошоци за вработените во вкупен износ од 466.194.404 денари. Најголемиот износ на реализирани трошоци или 454.122.908 денари, се однесува на исплатените бруто плати на вработените а тие во однос на остварувањето кај МРТ се зголемени за износот на бруто платите на вработените во ДООЕЛ Сцена кој во 2021 година изнесува 1.397.480 денари. Додека пак, во однос на остварувањето во минатата 2020 година овие трошоци се зголемени поради изедначувањето на минималната плата на вработените во МРТ, кое се изврши во месец Септември 2020 година, со нето платата на ниво на државата а која тогаш изнесуваше 14.934 денари. Ова усогласување е извршено согласно утврдените измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Останатите трошоци реализирани во вкупен износ од 12.071.496 денари се однесуваат на трошоци за регрес за годишен одмор во кои е вкалкулиран и регресот исплатен на вработените во ДООЕЛ Сцена во износ од 25.496 денари, потоа трошоци за исплатена отпремнина на вработените кои оствариле право на пензија, трошоци за едукација (разни обуки на вработените, учество на семинари и слично) како и на други лични примања (останати надоместоци на вработените) ставка која опфаќа дадена парична помош во случај на смрт на вработен или на член на потесното семејство, исплатена плата во случај на боледување подолго од шест месеци и слично.
Просечната месечна плата по работник во МРТ и ДООЕЛ Сцена за 2021 година изнесуваше 35.882 денари.

**Патни трошоци и транспортни трошоци**

Состојбата со патувањата во странство за реализирање на програмски цели, во споредба со минатата 2020 година кога сите активности беа запрени, во анализираната 2021 година е подобрена, односно, со намалување на рестриктивните мерки воведени со цел справување со Ковид пандемијата на светско ниво, извршувањето на редовните работни задачи во врска со разни снимања надвор од земјата полека се движеше во насока на нивно нормално и непречено исполнување. Така, во 2021 година беше зголемен обемот на патувања на екипи на МРТ во земјата и странство со што се зголеми и остварувањето кај патните и транспортните трошоци во однос на 2020 година и истото изнесува вкупно 5.010.822 денари.
Во функција на реализирање на позначајните програмски активности за снимање и емитување на планираната програмска шема во анализираниот период се оствари следните службени патувања надвор од земјата: Белград – подготовки и снимање на задолжителен бекап/резервен спот за евровизискиот настап на македонскиот претставник на избор на песна на Евровизија - Евросонг 2021 година во студиото на РТС, Љубљана – преговори за откуп на права за емитување на програма, Ротердам – учество на Евросонг 2021 година, Турција – снимање на репортажи за

ориентот, Белград – денови на влашка култура, Романија и Холандија – пренос од фудбалските натпревари кои се одигруваа во првата фаза од Европското првенство во фудбал како и следење и пренос на натпреварите во кои учествуваше македонската фудбалска репрезентација, Финска – пренос од Европско првенство во одбојка, Софија – потпишување на Меморандум за соработка меѓу МРТ и Бугарската национална телевизија, Косово – следење на предвремени парламентарни избори, Рим – присуство на одбележувањето на денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј, Белград- потпишување на Меморандум за соработка со РТС, Брисел – присуство на Европски самит - Самит на лидери, Приштина – средба со претставници на Радио Приштина, Нови Сад – учество на регионална конференција, Подгорица – учество на меѓународна работилница за проверка на дезинформациите во јавните медиумски сервиси, Белград – учество на регионална работилница на тема Употреба на модерни алатки за мерење на програмата и слично.

Патните трошоци во земјата пак опфаќаат реализирани патувања за пренос и емитување на разновидни спортски натпревари како фудбал, одбојка, кошарка, ракомет, но и за снимање на информативни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на сите програмски сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата. Од реализираните патувања би ги спомелале патувања на екипите на МРТ за пренос и емитување на настани како Охридско лето, Макфест, прослава на годишнина од Илинденското востание во Крушево и Пелинце, Струшки вечери на поезијата, фестивал Песна ечи – Струга, филмски есеј – Дојран, прослава во Струга по повод 20 години Рамковен договор, Балкански фестивал, Охридски маратон, Охрид фест- Охридски трубадури, филмски фестивал Браќа Манаки, снимања потребни за емисијата Аграр, одбележување на прославата по повод празникот 11 Октомври и друго.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

**Заеднички трошоци**

Групата заеднички трошоци во анализираниот период бележи остварување во вкупен износ од 168.784.961 денар. Во овој износ се вкалкулирани трошоците на ДООЕЛ Сцена во износ од 9.005 денари кои се однесуваат на трошоци за пресметана амортизација, банкарски услуги, судски трошоци и административни такси и камати од работење. Оваа група ги опфаќа следните видови на трошоци:

- потрошни материјали во кои спаѓаат електричниот и техничкиот материјал, материјалот за поправка и одржување и слично остварени во вкупен износ од 1.759.663 денари,
- трошоците за канцелариски материјал, материјал за возен парк и останати материјали остварени во вкупен износ од 685.224 денари,
- трошоците за енергија остварени во вкупен износ од 25.852.422 денари а се однесуваат на потрошена електрична енергија, потрошена топлотна енергија, гориво и мазиво,

- трошоците за набавен ситен инвентар остварени во износ од 1.978.459 денари,
- трошоците за фиксна и мобилна телефонија, интернет услуги и поштарина а се остварени во вкупен износ од 3.147.771 денар,
- за аудио и видео линии (унилатерали, мултилатерали, ПНН мрежа) кои се неопходни за реализирање на сите спортски настани но и за други преноси, потрошени се средства во износ од 14.377.290 денари,
- за инвестиционо и тековно одржување на објектите и опремата (набавка на резервни делови и услуги за одржување на опремата и објектите) реализирани се трошоци во вкупен износ од 4.330.521 денар,
- реализација во рамките на планираните износи за 2021 година бележат трошоците за агенциски услуги за обезбедување на објектите во МРТ во износ од 4.555.568 денари како и трошоците за одржување хигиена кои се остварени во износ од 3.286.750 денари,
- за одржување на ВЕБ страната на МРТ реализирани се трошоци во износ од 997.698 денари,
- за одржување на возилата на МРТ реализацијата во 2021 година изнесува 593.899 денари а за регистрација на истите остварени се трошоци во износ од 108.087 денари,
- комуналните услуги во кои спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина остварени се во висина од вкупно 2.665.109 денари и нивната реализација е на ниво на планираните средства,
- трошоци за објава на огласи и конкурси кои се остварени во износ од 931.893 денари бележат зглоемена реализација поради поголемиот обем на објавени огласи за нови вработувања за чие спроведување неколку години наназад се чекаше согласност од страна на државните институции и кое конечно се реализираше кон крајот на 2021 година односно во четвртиот квартал од годината,
- амортизацијата на основните средства е пресметана во износ од 62.451.475 денари, остварување кое произлегува од употребата на набавената опрема поврзана со процесот на дигитализацијата во МРТ како и од тековните набавки на нова опрема потребна за непречено одвивање на процесот на производство и емитување на програмата,
- вредносно усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство, обезвреднување на нетековни и тековни средства и траен отпис е сметководствена категорија која се искажува на крајот на годината и која за 2021 година изнесува 1.141.236 денари, а реализацијата произлегува од траен отпис на ненаплатени побарувања од купувачи од земјата и странство, обезвреднување на побарувања од поврзани субјекти во земјата и слично,
- трошоците за репрезентација се реализирани во износ од 395.248 денари,
- трошоците за осигурување на имот и возила на МРТ (осигурување на новонабавената и постоечката опрема, возила, патнички осигурувања и сл.) се остварени во вкупен износ од 645.572 денари,

- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 553.679 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство а по основ на плаќање на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ, котизациии и слично,
- трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 6.214.026 денари кое произлегува од договори склучени со странски комитенти за откуп на права за емитување на спортска програма, филмови и серии и останати видови соработка.
- за надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет евидентиранио е остварување во износ од 8.177.306 денари кое се пресметува и исплатува согласно Законот за ААВМУ,
- дополнително утврдените расходи остварени се во износ од 13.502.005 денари, реализација која произлегува по основ на пристигнати фактури во текот на 2021 година а кои се однесуваат на трошоци од минат период, потоа трошоци по основ на утврдени камати од претходни години, трошоци за спорови, административни и судски такси, судски пресуди и друго,
- камати од работење и затезни камати е ставка која во анализираната 2021 година бележи вкупна реализација од 5.632.285 денари и истата произлегува од пресметани камати по основ на кредити или склучени спогодби за плаќање на долговите на рати, камати по основ на јавни давачки и слично,
- ставката негативни курсни разлики е остварена во износ од 3.118.194 денари, а за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра која е надвор од постапка за јавна набавка остварени се трошоци во износ од 426.375 во делот на директни трошоци и 143.653 денари во делот на инвестиции

**Програмски права**

Како што претходно беше спомнато, во услови на отежнато работење на ЈРП МРТ и зголемен ризик на кој беа и сеуште се изложени вработените поради состојбата предизвикана од ширењето на опасноста од Корона вирусот COVID-19 кај населението во земјата и светот и со сите напори за справување со последиците од ова вирусно заболување а згора на тоа и со намалени приходи на основна дејност, тековното работење на МРТ во 2021 година не беше ниту сопрено ниту намалено. Напротив, на програмски план, со производство на сопствена програма, копродукциски проекти како и со откуп на готови програмски проекти или лиценци за емитување на значајни настани, вработените во институцијата успешно се справија со сите ризици и успеаја да ја одржат програмската шема на едно завидно ниво. Во таа насока, реализираните трошоци во делот на групата на Програмски права во 2021 година остварени се во вкупен износ од 276.517.145 денари а беа наменети за следните ставки:

- откуп на права за пренос и емитување на спортски настани како СЕХА Лига – ракомет, ЕХФ Лига на шампиони – ракомет, алпско и нордиско скијање, уметничко лизгање, партиципации за пренос на УЕФА ЕУРО 2020 (2021), потоа за фудбалски натпревари како Македонски фудбалски куп – Македонска фудбалска лига, пренос на ЛОИ - Летните олимписки игри 2020 година кои поради состојбата во светот предизвикана со корона вирусот Covid-19 се одржаа во 2021 година, потоа права за пренос на натпреварите од Европското првенство во одбојка 2021 година, како и емитување на разновидни спортски нтпревари кои се одигруваа на територијата на РСМ, фактурираната реализација на трошоци во анализираниот период изнесува 104.720.174 денари,
- ставката останати програмски права е реализирана во износ од 49.582.616 денари и таа опфаќа трошоци за координација на радио вести и радио спорт, потоа фактурирана реализација за емитувана програма на сите ТВ програмски сервиси која опфаќа откуп на права за емитување на Виенски концерт, лиценцирани вести од интернет, откуп на права за емитување на емисии од разни области и жанрови (информативни, едукативни, детски, документарни и сл.) меѓу кои се Албанците во скандинавските земји, Агенда 35, ТВ проект Приказна, ТВ проект О Са Мире, Џентлмен магазин, 7 минути здравје, забавна ТВ програма со наслов 20 секунди, ТВ проект Студио 3, Тв проект Заеднички поглед кон Европа, документарен филм за Турците во Македонија и слично,
- трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 104.789.564 денари и опфаќаат фактурирана реализација по договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на ТВ проекти од обласка на музиката, културата, образованието, забавно-контактни емисии, детски и образовни емисии на македонски и албански јазик како што се 5+ Фамилија на македонски и албански јазик, ТВ серија Преспав, ТВ проект Објектив, ТВ проекти за деца какви што се Дајте музика, Бумеранг и Атрс Црафтс, отворена програма за ЕП во фудбал, Народни приказни на албански јазик, ТВ проект Жиле (Т),
- трошоците во износ од 14.731.490 денари се однесуваат на откуп на права за филмови, серии и документарни емисии од најразлични жанрови како и за откуп на детски анимирани серии.

**Останати трошоци од работење**

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 70.091.319 денари. Во неа, во однос на остварувањето во истата група на трошоци во Извештајот за реализација на финансискиот план на МРТ има намалување во износ од 733.420 денари средства кои се вкалкулирани и искажани во групата Трошоци за вработени - бруто плати за вработени, а има и зголемување во износ од 484.105 денари од ДООЕЛ Сцена (трошоци од ставките авторски договори и интелектуални услуги). Во рамките на оваа група, реализирани се следните видови трошоци:

- трошоци за склучени изведувачки договори, авторски договори и договори за соработка преку авторска агенција во износ од 21.888.210 денари потрбни за надополнување на дефицитарниот кадар и во нив се вкалкулирани и трошоците во износ од 465.909 денари кои по основ на склучени авторски договори се реализирани во ДООЕЛ Сцена,
- трошоците за интелектуални услуги остварени во износ од 18.196 денари во кои се вкалкулирани трошоците на ДООЕЛ Сцена а кои се однесуваат на добиени стручни мислења, консултативни и сметководствени услуги,
- за технички услуги остварени се трошоци во износ од 10.318.483 денари, а се однесуваат на трошоци за коментаторски позиции за сите спортски натпревари, унилатерали, ISDN линии, технички трошоци за сигнал во живо и слично.
- трошоците околу организирање и реализација на проектот во врска со избор на македонски претставници и нивно учество на фестивалот Евросонг 2021 и јуниорски Евросонг 2021 година изнесуваат 3.057.077 денари;
- трошоците за добивање услуги за пренос на програма на МРТ САТ 1 и 2 преку сателит изнесуваат 2.163.828 денари;
- трошоците кои произлегуваат од членувањето на МРТ во меѓународните радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично изнесуваат 13.217.944 денари,
- трошоците за мало авторско право ЗАМП реализирани се во износ од 13.215.137 денари а надоместокот за Агенцијата за филм на РСМ согласно Законот за филмска дејност изнесува 4.319.384 денари.

## ИНВЕСТИЦИИ

### Инвестиции во опрема

Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема, во анализираната 2021 година фактурираната реализација изнесува 1.877.850 денари. Во рамки на овој износ набавена е камера за репортажно возило на МТВ и коментаторски кабини потребни за спортската редакција на МТВ а во врска со реализација на преноси од фудбалските натпревари кои беа одржани во рамки на Европското првенство – FIFA EURO 2020-2021 година. Оваа опрема е набавена во делот на законски определениот износ до 1.000 евра на месечно ниво (надвор од постапка за јавна набавка) но сметководствено е евидентирана во делот на Инвестиции во опрема. Во рамки на оваа група на трошоци исто набавени се и уред за реактивна енергија како и видео опрема за ТВ техника.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА**

**(според Консолидиран биланс на успех за 2021 год.)**

| ТРОШОЦИ | Консолидиран - Остварување во 2020г. | Консолидиран -Остварување во 2021г. | Индекси (3/2*100) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **Трошоци за вработените** | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 426,104,609 | 454,122,908 | 106.6 |
| Отпремнина за одење во пензија | 2,533,140 | 1,303,680 | 51.5 |
| Регрес за годишен одмор | 9,228,925 | 8,859,860 | 96.0 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 714,395 | 1,321,681 | 185.0 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 1,670,647 | 563,277 | 33.7 |
| Трошоци за едукација | 166,020 | 22,998 | 13.9 |
| **Вкупно 1 - Трошоци за вработените** | **440,417,736** | **466,194,404** | **105.9** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 996,852 | 1,790,206 | 179.6 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 366,738 | 2,087,830 | 569.3 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 1,320 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 58,166 | 248,040 | 426.4 |
| Сопствено возило за службени потреби | 293,403 | 281,200 | 95.8 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 127,270 | 175,710 | 138.1 |
| **Вкупно 2** | **1,842,429** | **4,584,306** | **248.8** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | |
| Услуги за такси превоз | 149,838 | 426,516 | 284.7 |
| **Вкупно 3** | **149,838** | **426,516** | **284.7** |
| **Вкупно - Патни и транспортни трошоци** | **1,992,267** | **5,010,822** | **251.5** |
| **Заеднички трошоци** | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | |
| Електричен материјал | 1,429,250 | 629,424 | 44.0 |
| Технички материјал | 1,405,934 | 932,922 | 66.4 |
| Материјал за кулиси и декор | 293,434 | 0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 735,315 | 197,317 | 26.8 |
| **Вкупно 4** | **3,863,933** | **1,759,663** | **45.5** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | |
| Канцелариски материјал | 1,222,273 | 629,366 | 51.5 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 289,818 | 55,858 | 19.3 |
| **Вкупно 5** | **1,512,091** | **685,224** | **45.3** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 15,778,726 | 13,765,572 | 87.2 |
| Трошоци за топлотна енергија | 9,080,768 | 9,926,577 | 109.3 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 1,617,416 | 2,160,273 | 133.6 |
| **Вкупно 6** | **26,476,910** | **25,852,422** | **97.6** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 882,870 | 1,978,459 | 224.1 |
| **Вкупно 7** | **882,870** | **1,978,459** | **224.1** |

| ТРОШОЦИ | Консолидиран - Остварување во 2020г. | Консолидиран -Остварување во 2021г. | Индекси (3/2*100) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | |
| Телефонски трошоци-дирекни | 346,049 | 339,415 | 98.1 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 1,792,940 | 1,939,306 | 108.2 |
| Трошоци за интернет | 302,310 | 735,366 | 243.2 |
| Поштарина | 139,837 | 133,684 | 95.6 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 5,775,523 | 14,377,290 | 248.9 |
| **Вкупно 8** | **8,356,659** | **17,525,061** | **209.7** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на имот | 4,716,892 | 4,555,568 | 96.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 2,405,120 | 3,539,394 | 147.2 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 6,019,239 | 791,127 | 13.1 |
| Одржување на возила | 978,519 | 593,899 | 60.7 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 82,927 | 35,827 | 43.2 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 995,011 | 997,698 | 100.3 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,016,688 | 3,286,750 | 109.0 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 843,622 | 51,900 | 6.2 |
| **Вкупно 9** | **19,058,018** | **13,852,163** | **72.7** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,735 | 3,265 | 188.2 |
| Дератизација и дезинфекција | 155,000 | 233,100 | 150.4 |
| Трошоци за ѓубретарина | 830,721 | 827,256 | 99.6 |
| Трошоци за вода | 3,368,673 | 1,601,488 | 47.5 |
| **Вкупно 10** | **4,356,129** | **2,665,109** | **61.2** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | |
| Трошоци за огласи и конкурси | 137,822 | 931,893 | 676.2 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и слично | 111,766 | 108,087 | 96.7 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 14,136 | 7,273 | 51.5 |
| **Вкупно 11** | **263,724** | **1,047,253** | **397.1** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | |
| Амортизација на основни средства | 65,934,835 | 62,451,475 | 94.7 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 30,858,522 | 354,911 | 1.2 |
| **Вкупно 12** | **96,793,357** | **62,806,386** | **64.9** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 6,048,934 | 1,141,236 | 18.9 |
| **Вкупно 13** | **6,048,934** | **1,141,236** | **18.9** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 49,792 | 0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 280,162 | 395,248 | 141.1 |
| **Вкупно 14** | **329,954** | **395,248** | **119.8** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | |
| Премии за осигурување | 703,104 | 645,572 | 91.8 |
| **Вкупно 15** | **703,104** | **645,572** | **91.8** |

| ТРОШОЦИ | Консолидиран - Остварување во 2020г. | Консолидиран -Остварување во 2021г. | Индекси (3/2*100) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | |
| Банкарски услуги | 399,615 | 553,679 | 138.6 |
| **Вкупно 16** | **399,615** | **553,679** | **138.6** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 80,300 | 56,000 | 69.7 |
| **Вкупно 17** | **80,300** | **56,000** | **69.7** |
| ***18)Тршоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 6,281,518 | 8,177,306 | 130.2 |
| **Вкупно 18** | **6,281,518** | **8,177,306** | **130.2** |
| ***19)Даноци,судски такси и друго*** | | | |
| Даноци | 3,698,411 | 6,214,026 | 168.0 |
| Судски трошоци и административни такси | 235,212 | 253,921 | 108.0 |
| **Вкупно 19** | **3,933,623** | **6,467,947** | **164.4** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 221,400 | 497,374 | 224.6 |
| **Вкупно 20** | **221,400** | **497,374** | **224.6** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 14,584,584 | 13,502,005 | 92.6 |
| **Вкупно 21** | **14,584,584** | **13,502,005** | **92.6** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 5,164,590 | 5,632,285 | 109.1 |
| **Вкупно 22** | **5,164,590** | **5,632,285** | **109.1** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | |
| Негативни курсни разлики | 5,005,183 | 3,118,194 | 62.3 |
| **Вкупно 23** | **5,005,183** | **3,118,194** | **62.3** |
| ***24) Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | |
| Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра | **100,916** | 426,375 | **422.5** |
| **Вкупно 24** | **100,916** | **426,375** | **422.5** |
| **Вкупно- Заеднички трошоци** | **204,417,412** | **168,784,961** | **82.6** |
| **Програмски права** | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | |
| Права за филмови | 20,312,791 | 14,731,490 | 72.5 |
| Останати програмски права | 92,320,477 | 49,582,616 | 53.7 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,329,418 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 92,542 | 363,883 | 393.2 |
| Права за спортски настани | 20,573,287 | 104,720,174 | 509.0 |
| Копродукциски проекти | 105,128,694 | 104,789,564 | 99.7 |
| **Вкупно 25 - Програмски права** | **238,427,791** | **276,517,145** | **116.0** |
| **Останати трошоци од работење** | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | |
| Наем на опрема и недвижнини, дописништва и др. | 180,131 | 770,903 | 428.0 |
| **Вкупно 26** | **180,131** | **770,903** | **428.0** |
| ***27) Останати трошоци од работење*** | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 331,754 | 387,560 | 116.8 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 899,514 | 295,000 | 32.8 |

| ТРОШОЦИ | Консолидиран - Остварување во 2020г. | Консолидиран -Остварување во 2021г. | Индекси (3/2*100) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Услуги за вештачење | 9,440 | 9,440 | 100.0 |
| Технички услуги | 2,316,230 | 10,318,483 | 445.5 |
| Трошоци од поврзани субјекти | 0 | 165,854 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати и сл.) | 5,593,664 | 18,196 | 0.3 |
| Авторски договори-авторска агенција | 16,041,466 | 21,888,210 | 136.4 |
| Трошоци за проект Евровизија | 2,090,129 | 3,057,077 | 146.3 |
| Трошоци за судски извршители | 18,293 | 15,353 | 83.9 |
| Надомест за обезбедување простор за сателитски сегмент | | 2,163,828 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **27,300,490** | **38,319,001** | **140.4** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 9,951,605 | 13,217,944 | 132.8 |
| Котизации и акредитации | 0 | 61,495 | 0.0 |
| Останати услуги од работење | 0 | 4,319,384 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 13,251,833 | 13,215,137 | 99,7 |
| **Вкупно 28** | **23,203,438** | **30,813,960** | **132.8** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 422,514 | 187,455 | 44.4 |
| **Вкупно 29** | **422,514** | **187,455** | **44.4** |
| **Вкупно - Останати трошоци од работење** | **51,106,573** | **70,091,319** | **137.1** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **936,361,779** | **986,598,651** | **105.4** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | |
| Набавка на опрема | 1,878,793 | 1,877,850 | 99.9 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **1,878,793** | **1,877,850** | **99.9** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **938,240,572** | **988,476,501** | **105.4** |

## СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ и ДООЕЛ Сцена на 31.12.2021 година

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4(3/2)*100** |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,091,011,246 | 2,078,330,531 | 99.4 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 40,245,762 | 41,083,080 | 102.1 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,120,795,925 | -2,106,382,784 | 99.3 |
| **Вкупно:** | **10,461,083** | **13,030,827** | **124.6** |

**Побарувања од купувачите во земјата**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,042,627,644 | 2,037,439,870 | 99.7 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 48,383,602 | 40,890,661 | 84.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,090,327 | -2,066,738,952 | 99.3 |
| **Вкупно:** | **8,920,919** | **11,591,579** | **129.9** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2021 година изнесуваат вкупно 11.591.579 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,033,405,711 | 2,025,159,414 | 99.6 |
| - радио и телевизиски реклами | 6,189,493 | 8,082,137 | 130.6 |
| - радио и телевизиски услуги | 0 | 113,627 | 0,0 |
| - закуп на основни средства | 118,182 | 103,720 | 87.8 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,закуп и сл.) | 2,507,304 | 3,574,018 | 142.5 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 48,383,602 | 40,890,661 | 84.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,090,327 | -2,066,738,952 | 99.3 |
| **Вкупно:** | **8,920,919** | **11,591,579** | **129.9** |

**Побарувања од купувачите во странство**

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2021 година изнесуваат вкупно 1.439.248 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,081,464 | 36,011,931 | 102.7 |
| - ТВ услуги | 541,822 | 541,233 | 99.9 |
| - технички услуги | 2,819,706 | 2,816,646 | 99.9 |
| - побарувања од закупнини | 16,841 | 16,822 | 99.9 |
| - отстапени права | 1,387,989 | 1,093,692 | 78.8 |
| - фестивали во странство | 124,843 | 316,951 | 253.9 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 273,097 | 285,805 | 104.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -38,705,598 | -39,643,832 | 102.4 |
| **Вкупно:** | **1,540,164** | **1,439,248** | **93.4** |

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ**
**НА ЈРП МРТ и ДООЕЛ Сцена на 31.12.2021 година**

| ОПИС | состојба на 31.12.2020 год. | состојба на 31.12.2021 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **521,765,183** | **382,373,630** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 56,860,313 | 102,388,913 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 12,120,233 | 21,561,202 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 78,723 | 0 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД) даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 141,866,292 | 37,502,003 |
| Обврски спрема вработените | 37,025,731 | 26,695,930 |
| Обврски за авторски договори | 1,132,789 | 9,627 |
| Краткорочни обврски МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 157,860,262 | 151,352,374 |
| Останати краткорочни обврски | 1,096,399 | 673,711 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 13,996,970 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг ММИ,УЈП) | 100,804,161 | 28,192,900 |
| **Долгорочни обврски** | **173,019,640** | **192,177,436** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 11,516,235 | 8,375,445 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 0 | 35,218,866 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 161,503,405 | 148,583,125 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **694,784,823** | **574,551,066** |

Вкупните обврски на МРТ и ДООЕЛ Сцена со состојба на 31.12.2021 година изнесуваат 574.551.066 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2020 година се намалени за 120.233.757 денари.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ ЗАЕДНО СО ДООЕЛ СЦЕНА**

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2020 | 1 | 26 | 302 | 20 | 326 | 0 | 30 | 10 | 715 | |
| 31.12.2021 | 1 | 38 | 324 | 11 | 307 | 0 | 22 | 3 | 706 | -9 |
| структура 31.12.2021 г.(%) | 0.1 | 5.4 | 45.9 | 1.6 | 43.5 | 0.0 | 3.1 | 0.4 | 100.0 | -1.3 |

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ и ДООЕЛ Сцена на 31.12.2021 год. изнесува вкупно 706 лица што е намалување за 9 лица во однос на состојбата на 31.12.2020 година. Во текот на 2021 година состојбата на вработени во ДООЕЛ Сцена нема промени, односно бројот на вработени е 2 лица во текот на целата година, додека пак флуктуацијата на вработени која се случува во МРТ е следната: 37 лица се заминати од куќата од кои 26 со остварување на правото за редовно пензионирање, 1 лице е заминато во инвалидска пензија а 6 вработени се починати. Во текот на годината неплатено отсуство од работа во траење до 3 месеци користеле 6 лица од кои, поради тоа што не се вратени на работното место во определениот рок, 3 лица добија отказ на Договорот за вработување без отказен рок, 1 лице е вратено на работното место во дадениот рок, додека на останатите двајца сеуште им трае неплатеното отсуство од работа.

Две лица се заминати од работа со спогодбено раскинување на Договорот за вработување а едно лице, поради недоаѓање на работа повеќе од три дена, заминато е со отказ на Договорот за вработување без отказен рок.

Скопје, Март 2022 год.

Одобрил
Директор на заеднички функции
и администрација

______________________

Горан Атанасов

Директор на ЈРП МРТ

______________________

Марјан Цветковски

Одделение за сметководство
Изработил: С.Николовска
Изработил: В.Груевска
Одделение за планирање
и реализација на буџети
Изработил: В. Димеска